ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА
"СЈУ РАЈДЕР"
Бр. 04-193
21.08.2023 год.
БИТОЛА

Врз основа на Член 193 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр. 104/19), а во врска со Член 10, 11, 12, 13 од Статутот на ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер" Битола бр.01-150 од 20.08.2019 година, директорот на ЈОУ дом за стари лица „Сју Рајдер" Битола, на ден 21.08.2023 година објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## За избор на членови на Совет на корисници на ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер" Битола

Кандидатите кои ќе аплицираат за Јавниот повик за избор на членови на Совет на корисници на ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер" Битола потребно е да ги исполнуваат следните услови:

- Да е корисник на права или услуги од надлежност на установата
- Да е родител/старател на лице корисник на права или услуги од надлежност на установата
- Лице кое не е осудено со правосилна судска пресуда
- Лице на кое не му е одземено родителското право
- Да е државјанин на Република Северна Македонија

При поднесување на апликацијата,лицето кое се јавува на јавниот повик треба да ги достави следните документи:

- потврда дека е корисник на права или услуги или потврда дека е родител или старател на лице кое е корисник на права или услуги од надлежност на установата
- потврда за неосудуваност
- потврда дека не му е одземено вршењето на родителско право
- кратка биографија
- мотивационо писмо
- уверение за државјанство

Мандатот на членовите на Советот на корисници трае 4 години.

Потребните документи заинтересираните кандидати да ги доставаат во затворен плик со назнака за Јавен повик за членови на Совет на корисници, во ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер",Битола на ул.Илинденска бр.156 во Битола.

Јавниот оглас трае 5 (пет) работни дена од денот на објавувањето.

Датум: 21.08.2023

ЈОУ Дом за стари лица
„Сју Рајдер",Битола
Директор
м-рМарина Крстиќ